# ЕТИЧКИ КОДЕКС НА КОАЛИЦИЈАТА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ

## 1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

1.1. Етичкиот кодекс на организацијата претставува збир од правила и принципи со кои се регулира однесувањето, комуникацијата и начинот на јавно истапување и претставување на организацијата, согласно позитивните законски прописи, Статутот на организацијата, внатрешните постапки и другите предвидени акти на организацијата.

1.2. Етичкиот кодекс е обврзувачки за сите лица вработени или анагажирани во Коалцијата Сите за правично судење, нејзините организации членки, членови на Собранието, членови на Управниот одбор, Надзорниот одбор на организацијата, како и за постојаните или привремените соработници на организацијата, при работењето на активности на Коалицијата.

1.3. Етичкиот кодекс е обврзувачки и за членовите на организацијата во случаите кога се вклучени во одредени проекти и активности на организацијата како и кога истапуваат во јавност во име на организацијата.

1.4. Повредата на начелата и принципите утврдени со овој етички кодекс може да резултира со дисциплинска одговорност согласно одредбите предвидени во овој Кодекс.

## 2. ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦПИТЕ КОИ ГИ ЗАСТАПУВА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

2.1. Сите лица на кои се однесува овој Кодекс се должни при извршувањето на работните задачи за потребите на Коалицијата да ги почитуваат, развиваат и споделуваат вредностите кои произлегуваат од мисијата, визијата и целите на организацијата предвидени во Статутот, а кои се однесуваат на:

- Следење на почитувањето на човековите права и слободи, особено на меѓународните стандарди за правично судење, преку разни форми на дејствување во настојувањето да се зголеми нивото на имплементирање, да се иницираат институционални и правни реформи, како и да се поврати довербата на граѓаните во судството и другите институции на системот.

- Презентирање на организацијата како моќна и стабилна, претставувајќи двигател и партнер на институциите на системот во настојувањето Република Македонија да се издигне како земја во која целосно ќе се почитуваат човековите права и слободи, со посебен акцент на стандардите за правично судење, како елементарен услов за интегрирање во Европската Унија.

- Зголемување на почитувањето на стандардите за правично судење пред домашните судови, воспоставување на јавната доверба во правниот систем и судството воопшто, идентификување на наследените проблеми во судскиот систем, укажување на потребата за правна и институционална реформа, запознавање на јавноста со стандардите за правично судење и засилување на довербата на граѓаните во функционирањето на судскиот систем, намалување на можностите за несоодветен третман на страните во спорот од судиите и другите учесници во постапката.

2.2. Сите лица на кои се однесува овој Кодекс се должни при извршувањето на работните задачи за потребите на Коалицијата да ги почитуваат и вредностите на правничката професија особено имајќи ги во предвид: правдата, правичноста, стручност, посветеност, лојалност, почитување на правниот и правосудниот систем на Р.Македонија.

www.all4fairtrials.org.mk
www.otvorenosudstvo.org.mk
Twitter: All4FairTrials-MK
E-mail: contact@all4fairtrials.org.mk
Facebook: Coalition All For Fair Trials

Коалиција на здруженија на граѓани
**СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**
ул. Македонија бр. 11/2-10
1000 Скопје, Р.Македонија
Тел/факс: +389 2 6139874

## 3. ОБВРСКИ ВО ОДНОС НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

3.1. Сите лица на кои се однесува овој Кодекс се должни да ги почитуваат Статутот, правилниците и одлуките на органите на организацијата во своето работење.

3.2. Сите лица на кои се однесува овој Кодекс се должни да го чуваат угледот и репутацијата на организацијата при редовното работење како и при излегувањето во јавност особено во поглед на почитувањето на вредностите и принципите набројани во делот 2 од овој Кодекс, како и Статутот.

3.3. При комуникацијата со јавноста, давањето на изјави за медиуми како и на состаноци со трети лица, лицето кое истапува во име на организацијата или како претставник на Коалицијата е должно да споделува ставови, мислења и заклучоците кои произлегуваат од редовното работење на организацијата. Споделување на лични ставови во име на организацијата е забрането. Во случај на споделување на личен став лицето е должно на јасен и недвосмислен начин да појасни дека не се работи за став на организацијата.

3.4. Секој вработен мора да го штити својот личен интегритет, да се изземе од одлучување кога постои судир на интерес.

3.5. При комуникацијата и секојдневното работење секој вработен е должен да се однесува со должна почит кон другите вработени и да помага при спроведувањето на работните задачи на другите тогаш кога има потреба.

3.6. Сите лица на кои се однесува овој Кодекс се должни да ја чуваат како професионална тајна информацијата до која дошле во контакт, во рамките на своето редовно работење, а која се однесува на деловна тајна, државна тајна, податок кој подлежи на заштита и како таков е предвиден согласно Законот за заштита на лични податоци.

3.7. Сите лица на кои се однесува овој Кодекс се должни при извршувањето на работите задачи да се однесуваат професионално, со должно внимание, со почитување на претходно договорените планови, рокови и обврски.

3.8. Вработените и ангажирани лица во Коалицијата се должни постојано да ги усовршуваат своите стручни и општи познавања. Од значење на организацијата е вработените и ангажирани лица да бидат во текот со актуелните активности од полето на правосудството и човековите права и слободи.

## 4. ВО ОДНОС КОН КОРИСНИЦИТЕ НА УСЛУГИТЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

4.1. Лицата кои обезбедуваат правна помош и други услуги во рамки на проектите и активностите на организацијата, а кои се однесуваат на стручни услуги спрема трети лица (и организации), истите се должни да ги обезбедуваат стручно, совесно, навремено и одговорно. Доколку овие лица не располагаат со потребното знаење и вештини кои би гарантинтирале стручност, истите се должни да го известат непосредно надреденото лице.

4.2. Лицата кои обезбедуваат услуги на правна помош се должни да ја чуваат како професионална тајна информацијата до која дошле во контакт, во рамките на своето редовно работење, а која се однесува на деловна тајна, државна тајна, податок кој подлежи на заштита и како таков е предвиден согласно Законот за заштита на лични податоци, како и да внимаваат на заштита на приватноста на корисниците на услугите.

4.3. При обезбедувањето на услуги на правна помош се гарантира целосно почитување на законските одредби кои го уредуваат обезбедувањето на правна помош во РМ.

## 5. ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ

5.1. При прекршување на одредбите предвидени од овој Кодекс, од страна на организација членка на Коалицијата или Претседателот на Коалицијата, дисциплинската одговорност ја утврдува Собранието на Коалицијата, по поднесена претставка од било која членка или извршната канцеларија на организацијата, на вонредно свикана седница на Собрание.

5.1.1. Дисциплинската одговорност се утврдува во процедура која предвидува разгледување на фактите и околностите за настанатата повреда, а потоа се пристапува кон гласање за утврдување на одговорност, со просто мнозинство од вкупниот број на присутни делегати на Собранието.

5.2. При прекршување на одредбите предвидени од овој Кодекс, од страна на лице вработено односно ангажирано во Коалицијата или извршниот директор на Коалицијата, дисциплинската одговорност ја утврдува дисциплинска комисија составена од три члена.

5.2.1. Со Комисијата ќе претседава еден од нејзините членови, а истата ја сочинуваат: Претседателот на Коалицијата, извршниот директор на Коалицијата и еден член од Управниот одбор на Коалицијата. Во случај на спреченост на Претседателот или извршниот директор на Коалицијата, да учествуваат во Комисијата, истите се должни да назначат свој заменик во рок од 3 дена.

5.2.2. Во случај на дисциплинска постапка спрема извршниот директор на Коалицијата, истиот се иззема од постапување во комисијата и на негово место, по предлог на Претседателот, се назначува член од Надзорниот одбор на Коалицијата.

5.2.3. Дисциплинската одговорност се утврдува во процедура која предвидува разгледување на фактите и околностите за настанатата повреда, а потоа се пристапува кон утврдување на одговорност, со мнозинство на присутните членови на Комисијата.

5.3. Дисциплински мерки кои можат да се изречат се:

- Официјална писмена опомена
- Официјална писмена опомена, со задолжување за јавно извинување
- Прераспределување на друга работна позиција или промена на ангажман на вработеното/ангажираното лице
- Исклучување од членство на Коалицијата

## 6. ПРИМЕНА НА КОДЕКСОТ

6.1. Овој Кодекс влегува во сила и ќе започне да се применува од денот на неговото донесување.

6.2. Кодексот ќе биде јавно објавен на веб страната и во работните простории на организацијата.

Извршна директорка
Натали Петровска

м.п.

Скопје,
02.02.2018 год.